Комисијата за заштита на конкуренцијата согласно член 28 став (3), а во врска со член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/14 и 53/16) на седница одржана на ден 31.08.2016 година ги донесе следните

**Насоки за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата *[1]**

## I. ВОВЕД

1. Во овие Насоки се утврдуваат случаите во кои Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) вообичаено ќе утврди дека одредени концентрации за кои е поднесено известување нема да имаат за последица значително нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или негов суштински дел и истите се во согласност со одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата.
2. Искуството на Комисијата стекнато при примена на Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 04/05, 70/06 и 22/07) како и на Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/14 и 53/16) покажува дека одредени категории на концентрации за кои е поднесено известување обично се дозволени без притоа да има значајни сомневања дека истите се во согласност со одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Закон), доколку не постоеле специфични околности.
3. Целта на овие Насоки е поблиско утврдување на условите кои треба да бидат исполнети при оцена на пријавени концентрации за да Комисијата, вообичаено донесе решение со кое утврдува дека пријавената концентрација е во согласност со одредбите од Законот. Доколку се исполнети неопходните услови утврдени во точка 6 или 7 од овие Насоки и доколку не постојат специфични околности, Комисијата донесува решение со кое утврдува дека концентрацијата е во согласност со Законот (решение со кое се одобрува концентрацијата), во рок од 25 работни дена од денот на приемот на уредното известување, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот[2].
4. Меѓутоа, и во случаите кога се исполнети условите од точка 6 или 7 од овие Насоки Комисијата може да донесе заклучок за поведување постапка согласно Законот во однос на било која концентрација за која е поднесено известување, особено доколку може да се применат заштитните мерки или исклучоците утврдени во точки од 9 до 18 од овие Насоки,.
5. Следејќи ја постапката опишана во овие Насоки, Комисијата има за цел контролата на концентрациите да ја направи пофокусирана и поефикасна.

### II. Подобни концентрации

6. Комисијата вообичаено ќе утврди дека следните категории на концентрации се во согласност со Законот[3]:

---

[1]* Овие Насоки се усогласени со Насоките на Комисијата за поедноставена постапка за оцена на одредени концентрации согласно Регулативата на Советот (ЕЗ) бр. 139/2004 (2013/C 366/04)

[2] Формата и содржината на известувањето се утврдени во Уредбата за формата и содржината на известувањето за концентрација и потребната документација која се поднесува заедно со известувањето („Службен весник на Република Македонија“ бр.44/12).

[3] Следните категории се применуваат алтернативно, а не кумулативно, односно исполнувањето на сите критериуми

а) две или повеќе претпријатија се стекнуваат со заедничка контрола над заедничко вложување, доколку заедничкото вложување нема или има занемарливи реални или очекувани активности на територијата на Република Македонија. Такви случаи постојат кога:

(i) приходот на заедничкото вложување и/или приходот од активностите кои му се препишуваат на заедничкото вложување [4] е помал од 1 милион евра на територијата на Република Македонија во времето на поднесување на известувањето[5] и

(ii) вкупната вредност на средствата префрлени во заедничкото вложување е помала од 1 милиони евра на територијата на Република Македонија во времето на поднесување на известувањето [6];

(б) две или повеќе претпријатија се спојуваат или едно или повеќе претпријатија стекнуваат индивидуална или заедничка контрола врз друго претпријатие, при што ниту еден од учесниците во концентрацијата не е ангажиран во деловни активности на истиот пазар на стоки и географски пазар[7] или на пазарот на стоки кој е нагорен или надолен пазар во однос на пазарот на стоки на кој учествува било кој друг учесник во концентрацијата[8];

(в) се спојуваат две или повеќе претпријатија или едно или повеќе претпријатија стекнуваат индивидуална или заедничка контрола врз друго претпријатие при што следните два услова се исполнети:

(i) заеднички пазарен удел на сите учесници во концентрацијата кои се ангажирани во деловни активности на истиот пазар на стоки и географски пазар[9]

---

на било која од категориите споменати во точка 6 (а), (б), (в) или (г) или точка 7 во принцип значи дека концентрацијата за која е поднесено известување е во согласност со Законот. Концентрацијата може да ги исполнува критериумите од повеќе од една од категориите утврдени во овие Насоки. Оттука, подносителите на известувањето може да се повикаат во известувањето за концентрација на повеќе категории опишани во овие Насоки)

[4] Изразот „и/или“ се однесува на различни ситуации, како на пример:

— во случај на заедничко купување на едно претпријатие, (целно претпријатие) приходот кој треба да се земе предвид е приходот на целното претпријатие (заедничкото вложување),

— во случај на создавање на заедничко вложување во кое владеачките претпријатија придонесуваат со (ги префрлаат) своите активности, приходот кој треба да се земе предвид е оној на пренесените активности,

— во случај на влез на ново претпријатие кое има контрола во постојното заедничко вложување, мора да се земат предвид приходот на заедничкото вложување и приходот на активностите кои се пренесуваат од новото владеачко претпријатие (доколку има такви).

[5] Приходот на заедничкото вложување може да се утврди според најновите ревизорски извештаи на владеачките претпријатија, или на самото заедничко вложување, зависно од достапноста на одвоени сметки за ресурсите комбинирани во заедничкото вложување.

[6] Вкупната вредност на средствата на заедничкото вложување може да се одреди во согласност со последниот изготвен и одобрен книговодствен биланс на состојба на секое владеачко претпријатие. Терминот „средства“ вклучува: (1) сите материјални и нематеријални средства кои ќе бидат префрлени во заедничкото вложување (примери за материјални средства се производствени капацитети и трговски објекти за продажба на големо и мало, залихи на стоки; примери за нематеријални средства се интелектуална сопственост, goodwill итн.) и (2) било кој кредит или обврски на заедничкото вложување кои било кое владеачко претпријатие се согласува да ги продолжи или гарантира на заедничкото вложување. Кога пренесените средства генерираат приход, во времето на поднесување на известувањето, тогаш ниту вредноста на средствата, ниту годишниот приход не смее да надмине 1 милион евра.

Кога пренесените средства создаваат приход, тогаш ниту вредноста на средствата ниту приходот не можат да надминуваат 1милион евра.

[7] Погледнете ги Насоките за дефинирање на релевантен пазар за целите на Законот за заштита на конкуренцијата

[8] Вертикална поврзаност вообичаено подразбира дека стоката или услугата на претпријатието активно на предметниот нагорен пазар претставуваат значаен инпут за стоката или услугата на претпријатието активно на надолниот пазар. Погледнете ги Насоките за оценка на вертикални и конгломерантни концентрации.

[9] Види ја фуснотата 7

(хоризонтални односи), не надминува 20[10]%

(ii) пазарниот удел на еден или на сите учесници во концентрацијата кои се ангажирани во деловни активности на пазар на стоки кој е нагорен или надолен пазар во однос на пазарот на стоки на кој учествува било кој друг учесник во концентрацијата (вертикални односи)[11], не надминува 30%[12];

(г) една страна стекнува индивидуална контрола врз претпријатие над кое веќе има заедничка контрола.

7. Комисијата исто така може вообичаено да утврди дека концентрацијата е во согласност со одредбите од Законот кога две или повеќе претпријатија се спојуваат, или едно или повеќе претпријатија стекнуваат единствена или заедничка контрола над друго претпријатие, при што следните два услова се исполнети:

*(i) Заедничкиот пазарен удел на сите учесници во концентрацијата кои се во хоризонтални односи не надминува 50%; и*

*(ii) Порастот (делта) на* Herfindahl-Hirschman (*HHI) индексот кој резултира од концентрацијата е под 150*[13][14].

8. За целите на примена на точката 6 (б) и (в) и точката 7 во случај на стекнување на заедничка контрола надвор од полето на делување на заедничкото вложување, односите кои постојат само помеѓу претпријатијата кои стекнуваат заедничка контрола не се сметаат за хоризонтални или вертикални односи за целите на примена на овие Насоки. Сепак, тие односи може да имаат за цел или ефект усогласување на конкурентското однесување согласно член 17 став (5) од Законот, таквите случаи се разработени во точка 15 од овие Насоки.

***Заштитни мерки и исклучоци***

9. При процената дали концентрацијата спаѓа во некоја од категориите наведени во точка 6 и7, Комисијата ќе обезбеди дека сите соодветни околности се утврдени со доволна јасност. Со оглед на тоа што дефинициите за релевантен пазар е веројатно да бидат клучниот елемент во оваа процена, учесниците во концентрацијата треба да достават информации за сите остварливи алтернативни дефиниции за релевантен пазар. Учесниците во концентрацијата се одговорни за опис на сите соодветни алтернативни релевантни пазари на стоки и географски пазари врз кои концентрацијата за која е поднесено известување може да има влијание, а исто така и за обезбедување на

[10] Праговите за хоризонтални и вертикални односи се применуваат и на која било друга подобна алтернативна дефиниција за пазар на стоки и географски пазар која може да биде разгледана во даден случај. Важно е основните дефиниции за релевантните пазари наведени во известувањето да бидат доволно прецизни за да ја оправдаат оценката дека овие прагови не се надминуваат и дека се споменати сите подобни алтернативни дефиниции за пазар (вклучувајќи ги и географските пазари кои се потесни од националните).

[11] Да се види фуснота 8.

[12] Да се види фуснота 10.

[13] Индексот HHI се пресметува како збир на квадратите на индивидуалните пазарни удели на сите претпријатија на пазарот: Видете ги Насоките за оценка на хоризонталните концентрации за целите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак со цел да се пресмета делта на HHI која произлегува од концентрацијата, доволно е од квадрираниот збир на пазарните удели на учесниците во концентрацијата ( односно, квадрираниот износ на пазарниот удел кое споеното претпријатие ќе го има по концентрацијата) да се одземе збирот на квадратите на индивидуалните пазарни удели на учесниците во концентрацијата (бидејќи пазарниот удел на сите други конкуренти на пазарот останува ист и не влијае на висината на пресметаната делат). Со други зборови HHI делта може да се пресмета врз основа само на пазарните удели на учесниците во концентрацијата, без да се има потреба да се знае пазарниот удел на било кој друг конкурент на пазарот.

[14] Види фуснота 10

податоци и информации поврзани со дефинирањето на таквите пазари. Комисијата го задржува правото да донесе конечна одлука во однос на дефинирањето на релевантниот пазар врз основа на анализа на фактите за дадениот случај. Кога е тешко да се дефинираат релевантните пазари или да се утврдат пазарните удели на учесниците во концентрацијата, Комисијата вообичаено нема да донесе решение согласно овие Насоки. Освен тоа, доколку концентрациите вклучуваат нови правни прашања од јавен интерес, Комисијата вообичаено нема да донесе решение согласно овие Насоки.

10. Иако може да се претпостави дека концентрациите кои ги исполнуваат условите од точка 6 и 7 нема да предизвикаат сериозно сомневање дали истите се во согласност со одредбите на Законот, сепак би можеле да постојат одредени ситуации кои бараат поведување на постапка.

11. Следните примери се примери на видови случаи за кои може Комисијата да не донесе решение согласно овие Насоки.

12. Малку е веројатно дека Комисијата ќе донесе решение согласно овие Насоки за концентрација доколку постои/ е присутна некоја од посебните околности наведени во Насоките за оценка на хоризонталните концентрации за целите на Законот. Ова вклучува случаи каде пазарот е веќе концентриран, кога концентрацијата би елиминирала значајна конкурентска сила, кога концентрацијата за која е поднесено известувањето претставува концентрација помеѓу двајца важни иноватори, или кога има индикации дека концентрацијата за која е поднесено известувањето ќе им овозможи на претпријатијата кои се спојуваат да ја загрозат експанзијата на нивните конкуренти.

13. Истото може да се примени и кога не е можно прецизно да се утврди пазарниот удел на учесниците во концентрацијата. Ова честопати е случај кога учесниците во спојувањето делуваат на нови или слабо развиени пазари.

14. Одредени видови концентрации можат да ја зголемат пазарната моќ на учесниците во концентрацијата, на пример преку комбинирање на технолошки, финансиски или други ресурси, дури и кога учесниците во концентрацијата не делуваат на истиот пазар. Концентрациите кај кои најмалку двајца од учесниците во концентрацијата се присутни на тесно поврзани соседни пазари[15], исто така, може да се покажат несоодветни за носење на решение согласно овие Насоки, особено кога еден или повеќе учесници во концентрацијата имаат индивидуален пазарен удел од 30% или повеќе на било кој пазар на стоки на кој нема хоризонтален или вертикален однос помеѓу учесниците, но кој е соседен пазар на пазарот на кој дејствува еден од учесниците[16];

15. Несоодветни за донесување решение согласно овие Насоки може да бидат и концентрации за кои постои прашањето на усогласување на конкурентското однесување, како што е наведено во член 17 ста (5) од Законот.

16. Промената од заедничка кон индивидуална контрола може, во исклучителни случаи, да бара поведување на постапка. Посебна загриженост за конкуренцијата може да се појави во околности каде што поранешното заедничко вложување е вклучено во групата или мрежата на единствениот преостанат акционер кој поседува контрола, додека ограничувањата на дисциплината кои произлегувале од потенцијално различните мотиви на различните акционери кои поседувале контрола се отстранети и

[15] Пазари на стоки се тесно поврзани соседни пазари ако стоките се надополнуваат едни со други или ако им припаѓаат на спектар на стоки кои вообичаено се купуваат од истата категорија потрошувачи со иста крајна цел на користење.
[16] Погледнете ги Насоките за оценка на вертикални и конгломерантни концентрации

неговата стратешка пазарна позиција би можела да биде зајакната. На пример, во случај кога претпријатието А и претпријатието Б заедно го контролираат заедничкото вложување В, концентрацијата согласно која А стекнува единствена контрола врз В може да предизвика загриженост во врска со конкуренцијата во околности кога В е директен конкурент на А и каде В и А заедно ќе имаат значителна заедничка позиција на пазарот и кога со ова се отстранува степенот на независност кој претходно го имал В. Во случаи кога ваквите примери бараат подетална анализа, тие се несоодветни за донесување решение согласно овие Насоки.

17. Комисијата нема да донесе решение согласно овие Насоки за концентрациите кај кои претходо Комисијата не го ценела стекнувањето на заедничка контрола на предметното заедничко вложување.

18. Во случај на концентрации опишани во точка 8, Комисијата ќе одлучи посебно во секој одделен случај дали, согласно спецификите на предметниата концентрација порастот на пазарната концентрираност која ја покажува делта HHI, е или не е соодветно да донесе решение согласно овие Насоки.

## III. **Одредби за постапката**

*Контакти пред поднесување на известување*

20. Комисијата смета дека контактите пред поднесување на известување помеѓу подносителот/подносителите на известувањето и Комисијата може да се од корист дури и во навидум лесни случаи. Предметите (известувањата за концентрација) кои се подобни за донесување на решение согласно овие Насоки може да покренат сложени прашања, како на пример тоа за дефинирање на пазарот (да се види точка 9) кои е подобро да се разрешат пред поднесување на известувањето. Контактите пред поднесување на известувањето ѝ овозможуваат на Комисијата и на подносителот на известувањето да ја одредат точната количина на информации кои се доставуваат со известувањето. Подносителите на известувањето особено се охрабруваат да остварат контакт со Комисијата пред поднесување на известувањето кога сметаат дека концентрацијата ги исполнува условите од точка 7. Согласно Законот подносителите на известувањето можат да го поднесат известувањето во било кое време, доколку истото е целосно. Можноста за остварување на контакти пред поднесување на известувањето е можност која им се нуди на подносителите на известувањето од страна на Комисијата, на доброволна основа со цел да се подготви формалното разгледување на известувањето за концентрација. Како такви, иако незадолжителни, контактите пред поднесување на известување може да бидат од голема корист и за подносителите на известувањето и за Комисијата во одредување на точната количина на информации кои се доставуваат во известувањето.

21. Сепак, контактите пред поднесување на известувањето, може да се помалку корисни за случаевите опфатени со точка 6(б) од овие Насоки, односно во случаи кога не постојат пазари на кои концентрацијата може да има влијание[17] бидејќи учесниците во концентрацијата не се вклучени во деловни активности *на ист пазар на стоки и географски пазар, или на пазар на стоки кој е надолен или нагорен пазар на пазарот на стоки на кој е присутен било која друг учесник во концентрацијата.*

22. Утврдувањето на непостоење на пазари на кои концентрацијата може да има влијание

[17] За дефиниција на пазари на кои концентрацијата може да има влијание видете ја дефиницијата дадена воставⅹ(9) точка 10 од Насоки за начинот на поднесување и пополнување на известување за концентрација

треба да биде утврдено согласно точка 9 од овие Насоки. Оттука останува обврска на подносителите на известувањето да ги достават сите информации неопходни за Комисијата да може да утврди дека концентрацијата не покренува прашање во врска со некој пазар на кој концентрацијата може да има влијание. Комисијата нема да донесе решение согласно на овие Насоки врз основа на точка 6(б) доколку е тешко да се утврди дека концентрацијата не покренува прашање во врска со некој пазар на кој концентрацијата може да има влијание.